ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 902.2(497.752)"2022"
904:725.96(497.752)"652"

Роберт ПЕТКОВСКИ, Филип АЏИЕВСКИ, Буњамин ЏЕМАИЉИ

# ПРЕГЛЕД ОД АРХЕОЛОШКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ЃОНОВИЧКО КАЛЕ СЕЛО ГОРНА ЃОНОВИЦА, ГОСТИВАР 2022 ГОДИНА

**Клучни зборови:** *Ѓоновица, кале, кула, ѕидови, наоди*

**Апстракт:** *Археолошкиот локалитет Ѓоновичко Кале се наоѓа кај селото Горна Ѓоновица, јужно од Гостивар, во областа Горни Полог до локалниот селски пат кон селата Србиново, Железна Река, долж текот на реката Лакавица. Тој во стручната литература е опишан како утврдена населба од римскиот период. На зарамнетото плато на високиот рид се гледаат остатоци од фортификација во форма на неправилен трапез со големина од ок.45x60 м. и површина од 1.3 х., како и делови од кула чии бедеми на некои места достигнуваат и до 5 м. На западната страна се приметуваат надградби од доцноантичкиот период, а врз нив и од средновековниот период. Целта на овој труд е запознавање на поширокатa јавност со значењето на овој локалитет кој со својата доминантна местоположба -поставен на висина од 765 метри, го контролира околниот простор и приодните патишта. Военото присуство во 6 и 14 век, како и траги на живот од праисторијата (камена секира од 2021 г.) укажуваат на континуитет на живот. Сето ова претставува доволен доказ за продолжување со археолошки истражувања, кои ќе ја појаснат сликата за нашето културно наследство во Горноварадарскиот регион каде што припаѓа овој локалитет.*

Археолошкиот локалитет Ѓоновичко Кале **(Сл.1)** се наоѓа кај селото Горна Ѓоновица, јужно од Гостивар, во областа Горни Полог до локалниот селски пат кон селата Србиново, Железна Река, долж текот на реката Лакавица. Тој во стручната литература е опишан како утврдена населба од римскиот период. На зарамнетото плато на високиот рид се гледаат остатоци од фортификација во форма на неправилен трапез со големина од ок.45x60 м. и површина од 1.3 х., како и делови од кула чии бедеми на некои места достигнуваат и до 5 м. На западната страна се приметуваат надградби од доцноантичкиот период, а врз нив и од средновековниот период.

Од 28-09-2022 до 21-10-2022 година НУ Археолошкиот музеј од Скопје во соработка со НУ Конзерваторски центар од Гостивар, изведе археолошко истражување на лок. Ѓоновичко Кале, кое за прв пат се спроведе под раководство на стручен тим од Археолошкиот музеј од Скопје[1], (инаку претходно се направени неколку истражувања).[2]

По разгледувањето на планот за работа го припремивме теренот за истражување. Така во сондата 3/2021 година со видливи остатоци од ѕидови од градба- ѕидот S-1 со правец С/И, S-2 со правец

[1] По успешната соработка од претходната година, оваа година (2022) од директорката Хирије Саити од КЦГ бевме поканети да го организираме и изведеме истражувањето. Така стручниот тим на чело со раководителот на археолошкото истражување д-р Роберт Петковски, раководител на сонда Филип Аџиевски и раководител на сонда Буњамин Џемаиљи од Археолошкиот музеј од Скопје, како и техничкиот документатор Весна Јанковска од Музејот на Македонија, во соработка со членовите на стручниот тим од Гостивар, Џезаир Реџепи, Садат Бекири, Илбер Зулфиќари, Гзим Халили, Цветко Новаковски и Даниел Ѓорѓиевски, го започна истражувањето.

[2] Археолошки рекогносцирања извршиле И. Микулчиќ и В. Лилчиќ, а првите археолошки истражувања биле изведени во 2019 година од страна на НУ Конзерваторски Центар Гостивар во соработка со Републичкиот Конзерваторски Центар од Скопје, под раководство на д-р Сања Ивановска Велкоска. Во 2021 година НУ Конзерваторски Центар Гостивар во соработка со стручни лица од Археолошкиот Музеј од Скопје и под раководство на Василка Калеова од Републичкиот Конзерваторски Центар од Скопје, извршија археолошки истражувања, при што беа потврдени ѕидови од градби во тврдината.

Ј/З и S-3 со Источен правец, по отстранување на паднатите камења, поставивме квадратна мрежа и ги поставивме во квадратите А1, В1, В2, В3, С1, С2. Во кв. В1 и В2, меѓу S-1 и S-3, а скоро по цела должина на S-3 има голем насип на шут составен од паднати камења, скршени тегули, малтер, корени од разна вегетација, малку кафеава земја со ретки фрагменти керамика претежно кујнска со груба фактура, метал-клинци и клинови, згури. Во ретката кафеава земја пронајдовме една бронзена апликација во форма на трилисна детелина, тер.инв.бр. Б-1, ш.=2см. дебелина=0,5см., фото Ф-004, кв. В2, потоа една сребрена монета **(Сл.6)** која според натписот во три реда би можеле да ја поставиме во последните 30 години на 14 век (идентификација по конзервација), тер.инв. бр. М-2, d.=1,4см. дебелина=0,1мм., фото Ф-001, кв.В1, еден метален врв од стрела (бр.2) со зашилен долен дел кој се забивал во дрвена површина, (која е иста како стрелата бр.1), тер.инв.бр.О-2, ш.=0,7см. долж.=4,6см., фото Ф-008, кв.В1, како и еден мал оловен тег, во површински откоп (шут), тер.инв.бр. Ме.-2 висина=0,9см. d=1,3см., фото Ф-002, кв. В2, како и метален полукружен предмет-можеби потковица со перфорации, тер. инв.бр. Ме.-1 ш.=10см. дебелина=0,3см., фото Ф-003, кв. В2, кота за површински откоп 699.75.

По отстранувањето на шутот меѓу S-2 и S-3 се појави S-4 со правец Ј/И кој прави агол меѓу Источниот и Ј/З ѕид и заедно со S-5 со Западен правец кој е видлив само во контура, формираат Кула која ја означуваме како Кула 1 во ј/и дел од тврдината, во квадратите А1, В1, В2, В3, С1, С2. Во откопот број 1 во Кулата 1, почнат од Ј/З накај С/И ѕид од кулата, (поточно од кв. В1 кон кв. В2), во шутот со паднати камења од Кулата 1, во ретка кафеава земја пронајдовме два врва на стрели - метален врв од стрела (бр.1) чиј зашилен долен дел се забивал во дрвена површина, тер.инв. бр. О-1, фото Ф-006, долж. =6,3см. ш=0,6см., кв. В1., метален врв од стрела (бр.3) чиј зашилен дел бил вметнат во дрвена површина, тер.инв.бр. О-3, ш=0,7см. долж.=5,4см. дебелина=0,6см., фото Ф-005, кв.В1., кота 699.38. Потоа пронајдовме ретки фрагменти на груба кујнска керамика со декорација со хоризонтални линии, декорација со втиснување, фрагменти од црепни, како и метал (клинци и клинови), малтер и скршени тегули, камен варовник.

Следува опис на Кулата *1* **(Сл.4)** *и* **(Сл.5)** која се наоѓа во кв. А1, *В1, В2, В3, С1, С2:*

S-1 Северен ѕид (со отстапување во правецот кон исток) составен од мали и големи камења врзани со малтер и кршени тегули, јужното лице е отворено досега во 8 редови, а надворешното во 5 редови. (С/И) димензии: ш.=70см. должина=355см. h=148см., кота на S-1 700.66, кв.С2 и В2.

S-2 Јужен ѕид (со отстапување во правецот кон запад) составен од мали и големи камења сврзани со малтер и кршени тегули, северното лице е отворено досега во 8 редови на камења, а јужното во 3 редови. (Ј/З) димензии: ш.= 75см. и внатрешна должина=315см., а надворешна= 380см., h=150см, кота на S-2 700.87, кв.В1.

S-3 Источен ѕид составен од мали и големи камења сврзани со малтер и кршени тегули, западното лице е отворено досега во три редови на камења, на горното лице се забележуваат два реда на камења, а источното лице е срушено и се гледаат паднати камења во неколку редови и траги на горење. (И) димензии: ш.=70см. должина=555см., h=80см., кота S-3 700.15, кв.В1 и кв.В2.

S-4 Југоисточен ѕид составен од мали и големи камења сврзани со малтер и кршени тегули, од внатрешната страна отворен во три редови камења, а од надворешната страна е оштетен и срушен со траги на горење. (По расчистување на шутот меѓу источниот и јужниот ѕид се појави мал ј/и ѕид, кој не беше видлив од шутот). (Ј/И) димензии: ш.=75см. должина=130см. h=70см. кота на S-4 699.71, кв.В1.

S-5 Западен ѕид, се забележува еден ред на камења од северо-западната страна на Кулата 1, продолживме да го отвораме западниот ѕид S-5, неговото горно и внатрешно лице, еден ред обработени камења сврзани со малтер, во правец кон јужниот S-2, за да можеме целосно да ги оцртаме контурите на Кулата 1, од кв.С2 се движи кон кв. С1. Димензии на горното лице=80см. Притоа пронајдовме ф-т од обод од керамички сад со два втиснати печата од работилницата, тер.инв.бр. К-1, ш=13см. висина=20см., фото Ф-010, кв. С2, како и еден оловен тег или копче?, тер.инв.бр. Ме.-3, висина=1,6см. d=1,4см., фото Ф-009, кв. С2.

Ширината на Кулата од S-1 (С/И) ѕид до S-2 (Ј/З) ѕид е 640см. Дијагоналата на кулата од S-4 (Ј/И) до S-1 (С/И) ѕид е 925см.

Во сондата 4/2021 година ја расчистивме вегетацијата и продолживме со ископувањата. Потоа направивме квадратна мрежа. Таа е поставена во квадратите D4, D5 и Е4. При ископувањето на откоп 4 од север кон југ поточно с/з страна на сондата во квадратот Е5 и с/з страна на квадратот D4 се појави карпа. На ј/з страна од сондата на квадратот D4 при копање на откоп 4 беше откриена бронзена монета, која според натписот можеби е доцноантичка од крај на 6 в.н.е. (идентификација по конзервација), тер.инв.бр. М-1, d=2,3см. дебелина=0,2см., фото Ф-007, кв. D4, кота 701.46.

Во ј/з агол на агол на сондата почна да се појавува изгорена земја а во с/з поточно во квадратот D5 земјата има кафеава боја. По завршување на откоп 4, почнавме со нов откоп поточно откоп 5. При копање на откоп 5 на целата сонда се појави карпа. По појавата на карпа на целата сонда завршивме со ископување. Беше направено фото-документација и мерење на коти. По завршеното документирање, паднатите камења кои се однесени на точно определени места ги наредивме т.е. изсидавме, ги собравме алатите и го расчистивме теренот. На 21-10-2022 година во НУ Конзерваторски центар Гостивар ја средувавме техничката документација и наодите и со тоа заврши археолошкото истражување на лок. Ѓоновичко Кале с. Горна Ѓоновица, Гостивар за 2022 година.

**Библиографија**:


И. Микулчиќ, Минатото на Гостиварскиот крај преку археолошки наоди, Гостиварски крај, Гостивар 1970, 73-89.

I. Mikul**čić**, Srbinovo Mac. (Youg., Mac., Gostivar) Zvezdino Kale, Tabula Imperiii Romani, Sectio K 34, Ljubljana 1976, 118.

I. Mikul**čić**, Kasnoanti**č**ka utvrdjenja u SR Makedoniji, pokušaj klasifikacije, Savez arheoloških društava Jugoslavije, materijali XXXII, Novi Sad 1986, 116.

И. Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини во Македонија, Скопје 1996, 180-182.

И. Микулчиќ, Антички градови во Македонија, Скопје 1999, 409.

I. Mikul**čić**, Spätantike und frühbyzantinische befestigungen in Makedonien München 2002, 455-456.

Б. Петровски, Средновековни населби и патишта во Полог, пишани извори, Скопје 2015, 195.

Т. Томоски, Полог во средниот век, кн. I, Тетово 1982, 80-81.

Археолошка карта на Република Македонија, МАНУ том II, Скопје 1996, 108.

Robert PETKOVSKI, Filip ADZIEVSKI, Bunjain DZEMAILJI

# SURVEY OF THE ARCHAEOLOGICAL RESEARCH OF THE SITE GJONOVICHKO KALE, VILLAGE OF GORNA GJONOVICA, GOSTIVAR 2022

*Summary:*

The archaeological site Gjonovichko Kale is located near the village of Gorna Gjonovica, south of the town of Gostivar in the region of Gorni Polog, alongside the local village road leading to the villages Srbinovo, Zhelezna Reka, along the float of the Lakavica River. In the scientific literature it is described as a fortified settlement from the Roman period. On the flattened plateau of the high hill one can see remains of a fortification with a form of an irregular trapeze with dimensions of ca. 45x60 meters and a surface of 1.3 ha., as well as parts of a tower the defensive walls of which at some point reach up to 5 meters. On the west side additional construction activities from the Late Antique period can be noticed, while on top of these there are remains of the medieval building interventions. The goal of this paper is to familiarize the wider audience with the significance of this site which with its dominant location – placed at an altitude of 765 meters, controlled the surrounding area and the approaching roads. The military presence during the 6$^{th}$ and the 14$^{th}$ centuries, as well as the traces of life from the prehistory (a stone axe discovered in 2021), all point to the continuity of life. At an overall, all this is a proof enough for the continuation of the archaeological excavations, which will further clarify the image of our cultural heritage.



Сл.1 локалитет Ѓоновичко Кале



Сл.2 Топографска карта (ортофото)



Сл.3 Ситуации на теренот



Сл.4 Кула 1



Сл.5 Кула 1



Сл.6 Сребрена монета, Кула 1



Сл.7 Метален врв од стрела, Кула 1




Сл.8 Кула 1 S-1




Сл.9 Кула 1 S-2




Сл.10 Кула 1 S-3**, S-4**




Сл.11 Кула 1 S-4




Сл.1**2** Кула 1 општ план



Сл.1**3** цртежи на наоди**;** стрела и бронзен предмет




Сл.14 обод со печати